| ПОДГОТОВА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | |
|---|---|
| *Наставник:* | Зоран Стаменковиќ |
| *Училиште:* | ООУ „Тихомир Милошевски “ Ѓорче Петров - Скопје |
| *Одделение:* | V-АБ |
| *Време на реализација:* 1-2 | Октомври |
| *ПП - Наставна тема* | Сообраќај |
| *Наставна содржина* | Елементи и објекти на улица и пат |
| *Организација и простор:* | Домашни услови |
| *Повратна информација:* | |

***Ученици:***
* Запознаени сте со многу информации и знаења за сообраќај. Темата сообраќај ти е позната. Знењата за сообраќај се потребни и корисни за Вашата лична безбедност како и за колективната безбедност.
* Да продолжиме со изучување на Тема: Сообраќај.

***Потсети се:***
- Собраќај е совладување на простор од една до друга точка на патот.
- Собраќајот може да биде: Воден, Воздушен и Копнен сообраќај.
- Копнен сообраќај се дели на: Патен и Железнички.
- Сообраќајните правила и прописи се почитуваат за безбедност на сите учесници во сообраќајот.

**Елементи и објекти на пат**

Сообраќајот ни овозможува меѓусебна комуникација. Копнениот - патен сообраќај се ефектуира на патишта низ целиот свет.

**Елементи на патот**

Најголем број на патишта е составен (изграден) од три елементи и тоа:
1. Коловоз; елемент од патот по кој се движат сообраќајните средства (моторни возила),
2. Велосипедска патека: елемент од патот за движее на велосипеди и велосипеди со помош на мотор,
3. Пешачка патека (тротоар): елемент од патот за движење на пешаци.

**Коловоз**

➤ Коловоз, елемент на пат; се состои од една или две коловозни ленти.
➤ Коловозна лента, дел од коловоз; таа се состои од две или повеќе сообраќајни ленти.

**Велосипедска патека**

➤Велосипедска патека, елемент на патот; резервиран за движење на велосипеди и велосипеди со помошен мотор. Кога на пат нема изградена велосипедска патека, влосипедистите се движат по коловоз на означена велосипедска лента а доколку нема означено велосипедска лента се движат до работ на коловозот и не заземат простор поширок од 1 метар.

**Пешачка патека (тротоар)**

➤ Пешачка патека, елемент на пат; резервиран за движење на пешаците. Кога на пат нема изградена пешачка патека(тротоар), пешаците се движат по банкина. Банкина е земјена тесна површина до пат по која се движат пешаците.

**Објекти на патот**

Сите градежни објекти изградени во функција на патот претставуваат објекти на патот. Тие се: бензинска пумпа, станица за технички преглед, механичарска работилница, мотел, наплатна рампа, тунел, мост, сообраќајни знаци, светлосни сообраќајни знаци и др.

**Задача:** Откако ќе се запознаеш со наставната содржина, во тетратка А4 формат, направи концепт на содржината и раскажи ја содржината.

***Литература:*** Учебник ТО за 5 одд. стр. 85-86-87-88, слики и др.